Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Шеесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 4 мај 2021 година

Скопје, мај 2021 година

# З А П И С Н И К
## од Шеесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 мај 2021 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 19:30 часот.

Со седницата претседаваше Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Беким Максути, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.

На седницата не учествуваа Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и м-р Крешник Бектеши, министер за економија.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

### ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на Записникот од 66-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 април 2021 година**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија
- Агенда Европа дома

- Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1. – 30.6.2021 година

1. Записник од Триесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 3 мај 2021 година и Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 4 мај 2021 година

2. Годишна сметка за 2020 година, Годишен извештај за работењето на АД Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост Скопје за 2020 година, Годишен извештај за работата на внатрешна ревизија за период од 1 јануари 2020 до 31 декември 2020 година и Извештај за резултатите од контрола на Надзорниот одбор за управување со Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост за 2020 година, со Предлог-одлука

3. Барање за спроведување на постапка продажба на недвижен имот - станбен простор во сопственост на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје, со Предлог-одлука

4. Информација за усвојување на Годишната сметка, Годишниот извештај за работа и Финансискиот извештај на Друштвото за производство, промет и услуги Препород ДООЕЛ Скопје за 2020 година

5. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КО Бутел)

6. Барање за давање согласност за отуѓување на градежно изградено земјиште сопственост на Република Северна Македонија (на сопствениците на објекти или посебни делови од објекти изградени со градежно-техничка документација и запишани во јавната книга за запишување на правата на недвижностите, кои не поседуваат акт за доделување на правото на користење на градежното земјиште кое претставува ГП.1.1 ), со Предлог-одлука

7. Предлог-одлука за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Куманово

8. Информација за статусот и состојбата на воздухопловите Ер Трактор - Фајр Бос АТ-802А на Дирекцијата за заштита и спасување

9. Предлог-програма за изменување на Програмата за водостопанство за 2021 година

10. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со „Фанки Фруит“, ДООЕЛ, Куманово со седиште на ул. „Тонко Димов“ бр.40 Куманово, со Предлог-одлука

11. Информација за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со „ФАНКИ ФРУИТ“, ДООЕЛ, Куманово, со седиште на ул. „Тонко Димов“ бр. 40 Куманово, со Предлог-одлука

12. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Киро Бурназ“ с. Долно Коњаре бб Куманово, со Предлог-одлука

13. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Црнилиште за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Црнилиште, Општина Долнени, со Предлог-одлука

14. Информација за 174-та седница на Одборот на директори на Претпријатието за нафтовод Солун - Скопје - Вардакс АД, закажана за 7 мај 2021 година

15. Информација за одржување на Првата седница на Македонско–Казахстанска комисија за трговска и економска соработка по Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Казахстан за трговска и економска соработка

16. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „с. Вепрчани“, Општина Прилеп, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „с. Вепрчани“, Општина Прилеп бр.45-7595/1-19 од 6 октомври 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.243/20), со Предлог – решение

17. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија

18. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во потпрограма 30-Урбанизам и градежништво, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2021 година

19. Предлог-одлука за начинот, постапката и критериумите за распределба на средства обезбедени во потпрограма 11-Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски

20. Информација за потребата од склучување на Договор за грант за партнерство за развој помеѓу Соединетите Американски Држави и Република Северна Македонија, со усогласен текст на Договор

21. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за промет и услуги „Спорт-Лаиф Трејд“ ДОО Скопје во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на бул. „Видое Смилевски Бато“ зграда 1 ламела 2, 10а локал 2 и 10 во Скопје

22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка

23. Информација во врска со набавка на автомати за издавање на документи – документмати

24. Информација за извршените и планираните активности во однос на претседавањето на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во 2023 година

25. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1466 на Советот од 12 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје

26. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1537 на Советот од 22 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 за рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки

27. Предлог-одлука за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1388 на Советот од 2 октомври 2020 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија

28. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1700 на Советот од 12 ноември 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела

29. Предлог-одлука за определување на шума со посебна намена

30. Предлог-одлука за продажба на недвижна ствар во Битола

31. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Струмица (авто радио)

32. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Битола (таблет)

33. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Скопје (таблет x 3)

34. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Тетово (таблет)

35. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Струмица (таблет)

36. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Охрид (таблет)

37. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Гевгелија (таблет)

38. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Затвор Куманово (таблет)
39. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено -поправната установа Казнено-поправен дом Прилеп (таблет)

40. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Казнено - поправен дом Штип (таблет)

41. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово (таблет)

42. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Воспитно-поправната установа Воспитно-поправен дом Тетово (таблет)

43. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено – поправната установа Казнено – поправен дом од отворен вид Струга (таблет)

44. Информација за избор на Национален координатор за имунизација на Република Северна Македонија, со Предлог – решение и со дополнувања

45. Информација за доделување на овластување за склучување на посебен Договор за набавка на лекот „Veklury (remdesivir)" врз основа на Рамковниот договор за јавна набавка склучен од страна на Европската комисија

46. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижна ствар со непосредна спогодба на Британскиот совет од Лондон – Обединето Кралство Велика Британија и Северна Ирска Подружница во Република Северна Македонија – Скопје

47. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижна ствар со непосредна спогодба на Културната установа Македонски центар за фотографија – Скопје

48. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружениeто Библиотека АЛ-БИ с.Бабино, Општина Демир Хисар (книги)

49. Информација за потпишување на Меморандум за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Здружение на граѓани Легис - Скопје, со текст на Меморандум за соработка

50. Предлог на закон за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

51. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пратениците, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

52. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за субвенциониран студентски оброк, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

53. Годишен извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2020 година

54. Барање за давање на автентично толкување на член 131 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/2009, 124/2010, 168/2010 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/2019, 18/2020, 89/2020 и 279/2020), поднесено од градоначалникот на Општина Босилово

55. Иницијатива поднесена од Живко Димитриевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.44/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 218-а став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/2020)

56. Иницијативи поднесени од Тодор Грков и Мими Гркова, двајцата од Велес, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.22/2021, У.бр.23/2021 и У.бр.28/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Упатството за начинот на користење на социјалните мрежи од страна на работниците во Министерството за внатрешни работи, бр.12.1-72212/1 од 6.12.2012 година

57. Иницијатива поднесена од Снежана Цветаноска од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.15/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 235 став 1 и став 2 и член 250 ставови 1 и 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата

58. Иницијатива поднесена од Македонското здружение за заштита при работа од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.58/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 3 став 1 дел 4 - инфективни и паразитни заболувања, во точката 408 од Правилникот за листата на професионалните болести, донесен од министерот за труд и социјална политика („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/2020)

59. Понуда од нотар Александар Гуњовски од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 5442 за КО Штип-5 на КП бр. 8276, во место викано Пребег

60. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 622 за КО Кисела Вода 1, на КП бр. 3316/1, со дополнување

61. Понуда од нотар Менче Златковска од Кочани за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.20219 за КО Кочани на КП бр. 13262

62. Известување од извршител Моника Муча од Скопје, доставено под И.бр.110/19, за Налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.12401, КП бр.1322/3 за КО Сопиште - Вон Градежен

63. Известување од извршител Моника Муча од Скопје, за Налог за извршување, под И.бр.472/2020, за КО Ѓорче Петров 2, Мирче Ацев Имотен лист бр. 94318, КП бр. 4997/1

64. Известување од извршител Магдалена Симовска Давидовиќ од Скопје, доставен под И.бр.491/18, за Налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.144, КП бр.46/2 и КП бр.47/2 за КО Суви Дол

65. Известување од извршител Јадранка Јовановска од Куманово за Заклучок за усна јавна продажба која ќе се одржи на 5 мај 2021 година, доставено под И.бр.929/20 од 13 април 2021 година

66. Кадровски прашања

67. Прашања и предлози

68. Извештај за реализација на средства од програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2020 година

69. Информација за кредитните барања кои ги исполнуваат условите (Список 11) за кредитирање по Јавниот повик бр. 1 за кредити од кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија)

70. Извештај за податоците објавени на Националниот НИПП геопортал од страна на субјектите во НИПП

71. Годишен извештај за тековниот статус на активностите на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи и тековен статус на процесот на акредитација на здравствените установи во Република Северна Македонија за 2020 година

72. Информација за дополнителни средства во делот на мерката за поттикнување на вложувања во филмски, односно телевизиски проект-право на поврат и одобрување на право на поврат за пост-продукциски услуги планирани да се реализираат во Република Северна Македонија во 2021 година

73. Годишен извештај на Националната комисија за мало и лесно оружје за 2020 година

74. Информација за примена на Законот за правда за децата во постапувањето на овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи во периодот од 1 јули до 31 декември 2020 година

75. Информација за здравствената состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2020 година

76. Извештај за работата на Советот за македонски јазик (јануари – декември 2020 година)

77. Информација за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија за 2017 година

78. Информација за формирање на координативно тело за поддршка на фудбалската репрезентација на Европското првенство во фудбал 2020

79. Предлог на закон за изменување на Законот за градежно земјиште, по скратена постапка

80. Информација за текстот на Меморандумот за разбирање за техничка соработка со Република Чешка, со усогласен текст на Меморандум

81. Информација за прогресот во активностите за воспоставување кохерентна институционална структура на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт

*
*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 66-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 април 2021 година.

*
*   *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- **Агенда Европа дома**

Владата ја разгледа Агендата Европа дома и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Управата за водење на матичните книги во соработка со Министерството за правда да достават информација до Секретаријатот за европски прашања за статусот на имплементација на мерката Интеграција на базите од матична евиденција за конечна функционалност на системот на издавање електронски изводи, најдоцна до 7 мај 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за правда да достави информација до Секретаријатот за европски прашања за статусот на имплементација на мерката усвојување на измени на Законот за судии и јавни обвинители најдоцна до 7 мај 2021 година.

3. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, да достави информација до Секретаријатот за европски прашања за статусот на имплементација на мерката Воспоставување на систем за следење на предмети и претставки за постапувањата на органите на државна управа, најдоцна до 7 мај 2021 година.

4. Се задолжува Министерството за финансии да достави информација до Секретаријатот за европски прашања за статусот на имплементација на мерката донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, најдоцна до 7 мај 2021 година.

5. Се задолжува Министерството за економија да достави информација до Секретаријатот за европски прашања за статусот на имплементација на мерката Одржување јавни консултации за Законот за јавно-приватно партнерство, најдоцна до 7 мај 2021 година.

**Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1. – 30.06.2021 година**

Владата заклучи:

1.Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.2021-30.6.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, согласно дописот на Министерството за информатичко општество и администрација и расправата на седницата, да се измени и тоа:

- рокот за доставување на Предлогот на закон за административни службеници, Предлогот на закон за вработените во јавниот сектор и Предлогот на закон за висока раководна служба да се помести за јуни 2021 година и

- рокот за доставување на Предлогот на закон за организација на органите на државната управа и Предлогот на закон за безбедност на мрежи и информациски системи, да се помести за септември 2021 година.

Согласно овие заклучоци, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година.

2.Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.2021-30.6.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година (петта измена), да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3.Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда, навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од Законодавната агенда.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Записникот од Триесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 3 мај 2021 година и Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 4 мај 2021 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Ги усвои Записникот од Триесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 3 мај 2021 година и Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 4 мај 2021 година.

2. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство во врска со потребата од изменување на постојните наредени мерки од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена кои се со важност до 15 мај 2021 година (сабота) и тоа:

2.1. Се забранува движење на населението и на возила од јавен превоз на територија на Република Северна Македонија, во временски период од 23:00 часот до 5:00 часот наредниот ден, почнувајќи од 5 мај 2021 година (среда) до 15 мај 2021 година (сабота).

2.2. Соодветно на заклучокот 2.1, почнувајќи од 5 мај 2021 година (среда) до 15 мај 2021 година (сабота), да се затворат за посетители - гости, по 22:30 часот сите угостителски објекти, а за време на дозволеното работно време се дозволува работа само на отворените делови - тераси од угостителскиот објект, согласно постојните мерки и наменски протоколи.

3. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство кој се однесува на зголемување на бројот на деца во воспитните групи во детските градинки од 15 на 20 деца и заклучи да се почитува веќе донесениот Протокол за активности во установите за згрижување и воспитание на деца, без промени, со оглед на моменталната епидемиолошка состојба во државата.

4. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство кој се однесува на тоа дали и од кога може да престане да важи мерката за носење лична заштита на лицето при излегување надвор од својот дом, односно при движење на јавни места и површини од отворен тип и заклучи дека сеуште не се створени поволни епидемиолошки услови за укинување на оваа мерка заради висок број на хоспитализирани КОВИД-19 болни, висок процент на позитивни лица од вкупен број на тестирани и сеуште низок процент на вакцинирано население против КОВИД-19.

5. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство кој се однесува на тоа дали лицата кои примиле една или две дози на КОВИД-19 вакцина или лицата кои прележале КОВИД-19 е потребно да носат лична заштита на лицето при излегување надвор од својот дом, односно при движење на јавни места и површини од отворен тип и заклучи дека сеуште не се створени поволни епидемиолошки услови за укинување на оваа мерка, заради висок број на хоспитализирани КОВИД-19 болни, висок процент на позитивни лица

од вкупен број на тестирани и сеуште низок процент на вакцинирано население против КОВИД-19.

6. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство кој се однесува на тоа дали и од кога може да се очекува престанување на важење на мерката за забрана на посетители-гости во сите вежбални, фитнес клубови, спортски центри и сали наменети за вежбање во затворен простор и заклучи дека сеуште не се створени услови согласно моменталната епидемиолошка состојба, а истото ќе се разгледува по 14 мај 2021 година, односно до овој период продолжува да важи забраната за користење на затворениот простор.

7. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство кој се однесува на тоа дали и од кога може да се очекува престанување на важење на мерката за вршење на задолжителен PCR тест пред одржување на спортските натпреварите и заклучи дека поради моменталната епидемиолошка состојба со КОВИД-19 во државата, сеуште не се створени услови за укинување на оваа мерка, односно истата да продолжи да важи.

Исто така, потребно е да се спроведе PCR тестирање кај сите лица кои прележале КОВИД-19 во период од три месеци по прележувањето на болеста.

Дополнително, PCR тестирање се прави и кај вакцинирани лица против КОВИД-19 независно од датумот на вакцинирањето.

8. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за воведување на мерка задолжителна самоизолација (карантин) во период од 14 дена за сите домашни и странски физички лица - патници од Република Индија и Федеративна Република Бразил, кои влегуваат на граничните премини на територијата на Република Северна Македонија, заради спречување на можноста од појава и ширење на новите соеви на SARS-CoV-2.

Сите овие лица задолжително пополнуваат Изјава за самоизолација под полна морална, материјална и кривична одговорност, со лични податоци, податоци за местото на живеење, односно престојување и временскиот период на престојот на граничниот премин при влез во државата, согласно веќе воспоставената процедура, додека за сите видови групни или индивидуални патувања, патниците од Република Индија и Федеративна Република Бразил кои транзитираат низ територијата на Република Северна Македонија, задолжително потпишуваат Изјава за транзитирање.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**Точка 2**

Владата по Годишната сметка за 2020 година, Годишниот извештај за работењето на АД Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост Скопје за 2020 година, Годишниот извештај за работата на внатрешна ревизија за период од 1 јануари 2020 до 31 декември 2020 година и Извештајот за резултатите од контрола на Надзорниот одбор за управување со Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост за 2020 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за одобрување на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата по Барањето за спроведување на постапка продажба на недвижен имот - станбен простор во сопственост на АД „Пошта на Северна Македонија" - Скопје, со Предлог-одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на деловен простор во сопственост на АД „Пошта на Северна Македонија" - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Годишната сметка, Годишниот извештај за работа и Финансискиот извештај на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород", ДООЕЛ, Скопје за 2020 година, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1.Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород", ДООЕЛ, Скопје за 2020 година

2.Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород", ДООЕЛ , Скопје за 2020 година и

3.Одлуката за усвојување на Финансискиот извештај на Друштвото за производство, промет и услуги „Препород" ДООЕЛ, Скопје за 2020 година, во предложените текстови.

**Точка 5**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КО Бутел), во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата по Барањето за давање согласност за отуѓување на градежно изградено земјиште сопственост на Република Северна Македонија (на сопствениците на објекти или посебни делови од објекти изградени со градежно-техничка документација и запишани во јавната книга за запишување на правата на недвижностите, кои не поседуваат акт за доделување на правото на користење на градежното земјиште кое претставува ГП.1.1 ), со Предлог-одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот и состојбата на воздухопловите Ер Трактор - Фајр Бос АТ-802А на Дирекцијата за заштита и спасување и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување по претходно добиено мислење и соодветен предлог за надминување на состојбата од страна на Бирото за јавни набавки, согласно Законот за јавни набавки да продолжи со постапката за годишно сервисирање на воздухопловите.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за водостопанство за 2021 година и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за водостопанство за 2021 година, со заклучок истата да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 10**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со „Фанки Фруит“, ДООЕЛ, Куманово со седиште на ул. „Тонко Димов“ бр.40 Куманово, со Предлог-одлука (за земјоделско земјиште под долгогодишен насад кое се наоѓа на КП бр.282-дел, место викано Зад Село, катастарска култура нива, катастарска класа 4, запишана во Имотен лист бр.200 за КО Буриловци), ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со „ФАНКИ ФРУИТ", ДООЕЛ Куманово, со седиште на ул. „Тонко Димов" бр. 40 Куманово, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 12

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Киро Бурназ", с. Долно Коњаре бб Куманово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 13

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Црнилиште за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Црнилиште, Општина Долнени, со Предлог-одлука ја усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Црнилиште за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Црнилиште, Општина Долнени, во предложениот текст.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за 174-та Седница на Одборот на директори на Претпријатието за нафтовод Солун - Скопје - Вардакс АД, закажана за 7 мај 2021 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на Друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на Точката под реден број 2. да биде ВОЗДРЖАН за одобрувањето на Финансиските состојби за работењето во периодот 1.1.2020 година - 31.12.2020 година согласно со Меѓународните сметководствени стандарди (М.С.С.), со релевантните извештаи на ревизорите под заклетва и Извештајот за управување на Одборот на директори на Друштвото „Вардакс".

2. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на Друштвото „Вардакс“, Бобе Цецев по однос на Точката под реден број 3. да гласа ЗА за свикување на редовно Генерално собрание.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Првата седница на Македонско – Казахстанска комисија за трговска и економска соработка по Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Казахстан за трговска и економска соработка и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски до Министерството за економија во рок од пет дена да достави предлог – теми од својот делокруг на работа за разговори и дискусија со казахстанската страна на претстојната седница, како и во истиот рок да иницира постапка за склучување на Договор за меѓународен патен сообраќај, како и Спогодба за воздушен сообраќај со казахстанската страна, согласно точката 9.7 од Информацијата.

2. Се задолжува Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија да го размени текстот на Меморандумот за соработка меѓу ресорните институции на двете земји – Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија (Invest North Macedonia) и Kazahk Invest, со можност за потпишување на овој документ за време на претстојната прва седница на Македонско – Казахстанска комисија за трговска и економска соработка по Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Казахстан за трговска и економска соработка, согласно точка 9.3 од Информацијата.

3. Се задолжува Министерството за финансии - Царинската управа на Република Северна Македонија до 30 јуни 2021 година да ја разгледа можноста за склучување на Договор меѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Царинската управа на Република Казахстан за соработка во областа на професионална преквалификација и унапредување на професионалните вештини на вработените, како и Протоколот за склучување на соработка помеѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Царинската управа на Република Казахстан за развој на партнерски односи, согласно точка 9.9 од Информацијата.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од пет дена да ја информира Владата на Република Северна Македонија дали има интерес за склучување на Меморандум за соработка во областа на земјоделството со казахстанската страна, согласно точка 9.8 од Информацијата.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „с. Вепрчани“, Општина Прилеп, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „с. Вепрчани“, Општина Прилеп бр.45-7595/1-19 од 6 октомври 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.243/20), со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина– мермер на локалитетот „с. Вепрчани“, Општина Прилеп со заклучок Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции до Владата да достави номинации за член и заменик член во Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–мермер на локалитетот „с. Вепрчани“, Општина Прилеп.

**Точка 17**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за распределба на средства обезбедени во потпрограма 30-Урбанизам и градежништво, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за начинот, постапката и критериумите за распределба на средства обезбедени во потпрограма 11-Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за наредна седница поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии и Секретаријат за законодавство.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Договор за грант за партнерство за развој помеѓу Соединетите Американски Држави и Република Северна Македонија со усогласен текст на Договорот и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за грант за партнерство за развој помеѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави за развојна цел 1: Зајакната економска конкурентност, Развојна цел 2: зголемен придонес на младите во општеството, развојна цел 3: намалена корупција.

2. Се овластува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, да го потпише Договорот за грант за партнерство за развој помеѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави – САД за развојна цел 1: Зајакната економска конкурентност, Развојна цел 2: зголемен придонес на младите во општеството, развојна цел 3: намалена корупција.

## Точка 21

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за промет и услуги „Спорт-Лаиф Трејд“ ДОО Скопје во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на бул. „Видое Смилевски Бато“ зграда 1 ламела 2, 10а локал 2 и 10 во Скопје.

## Точка 22

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка за наредната седница на Владата.

## Точка 23

Владата на предлог на предлагачот ја повлече од Дневен ред Информацијата во врска со набавка на автомати за издавање на документи – документмати, поради потребата од дополнителни усогласувања со Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за извршените и планираните активности во однос на претседавањето на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во 2023 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги дефинира Приоритетите и Програмата на претседавањето на Република Северна Македонија со ОБСЕ во 2023 година, најдоцна до крајот на мај 2022 година.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за правда, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за труд и социјална политика, најдоцна до 1 јуни 2021 година, да номинираат до Министерството за надворешни работи по еден член и заменик член во Работната група (Task Force) за подготовка на претседавањето на Република Северна Македонија со ОБСЕ во 2023 година.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи да изврши финансирање на подготвителните активности предвидени за 2021 година, вклучително и упатување на дополнителните членови во Постојаната Мисија на Република Северна Македонија во Виена од буџетските средства наменети за редовно работење.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи, најдоцна до средината на август 2021 година, да презентира информација за финансиските потреби со претседавањето во 2022 година, со цел нивно планирање во Предлог-буџетот за 2022 година, како и првична пресметка за потребните буџетски средства во 2023 година за извршување на обврските на Република Северна Македонија како претседавач со ОБСЕ.

5. Се задолжува Министерството за надворешни работи, почнувајќи од август 2021 година, на секои шест месеци да ја информира Владата за спроведените и планираните активности за претседавањето на Република Северна Македонија со ОБСЕ во 2023 година.

## Точка 25

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1466 на Советот од 12 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1537 на Советот од 22 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 за рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата ја донесе Одлуката за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1388 на Советот од 2 октомври 2020 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1700 на Советот од 12 ноември 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела, во предложениот текст.

## Точка 29

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за определување на шума со посебна намена, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на недвижна ствар во Битола, во предложениот текст.

## Точка 31

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Струмица (авто радио), во предложениот текст.

## Точка 32

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Битола (таблет), во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Скопје (таблет х 3), во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Тетово (таблет), во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Струмица (таблет), во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Охрид (таблет), во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Гевгелија, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Затвор Куманово (таблет), во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено -поправната установа Казнено-поправен дом Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Казнено - поправен дом Штип, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово (таблет), во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Воспитно-поправната установа Воспитно-поправен дом Тетово (таблет), во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено – поправната установа Казнено – поправен дом од отворен вид Струга (таблет), во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за избор на Национален координатор за имунизација на Република Северна Македонија, со Предлог – решение и со дополнувања, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за избор на Национален координатор за имунизација на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на овластување за склучување на посебен Договор за набавка на лекот „Veklury (remdesivir)“ врз основа на Рамковниот договор за јавна набавка склучен од страна на Европската комисија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува министерот за здравство да го потпише Полномошното и да го овласти министерот за труд и социјална политика да го потпише Посебниот договор за јавна набавка на 2.500 вијали лек „Veklury (remdesivir)“ согласно обврските преземени од Рамковниот договор за јавна набавка на лекот „Veklury (remdesivir)“ доделен со постапка за набавка преку Договорот за заеднички набавки склучен со Европската комисија.

2 .Се задолжува Министерството за здравство да ја спроведе постапката за вадење одобрение за увоз пред Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија и да ги подмири сите трошоци и даноци во врска со таа постапка.

**Точка 46**

Владата условно ја донесе Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар со непосредна спогодба на Британскиот совет од Лондон – Обединето Кралство Велика Британија и Северна Ирска Подружница во Република Северна Македонија – Скопје, доколку предлагачот го усогласи текстот на Одлуката со Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи и Агенцијата за катастар на недвижности

**Точка 47**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар со непосредна спогодба на Културната установа Македонски центар за фотографија – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружението Библиотека АЛ-БИ с. Бабино, Општина Демир Хисар (книги), во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потпишување на Меморандум за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Здружение на граѓани „Легис" - Скопје, со текст на Меморандум за соработка, за наредната седница на Владата.

**Точка 50**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со предложените дополнувања на Законот за земјоделство и рурален развој се овозможува за корисниците на средствата од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година да се одложи важењето на условите за подмирени обврски по други основи кои не се од областа на земјоделството, односно обврските за кои е надлежна Управата за јавни приходи за уште една година.

Согласно ова, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по текстот на Предлогот на закон за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го донесе Законот.

## Точка 51

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пратениците, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пратениците, по скратена постапка се предвидува лицето да биде државјанин само на Република Северна Македонија како еден од условите за избор на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија. Како што е наведено во Предлог законот, овие измени и дополнувања се со цел да се доуредат прашањата кои во изминатиот период сериозно го нарушиле угледот на функцијата пратеник во однос на условите кои едно лице треба да ги исполни за да биде кандидат за пратеник и да може да биде избран за пратеник во Собранието.

Материјата државјанство е уставна категорија која е детално разработена во Законот за државјанството на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.67/92, 8/04, 98/08, 158/11 и 55/16). Правилата за државјанство се регулирани и со Европската конвенција за државјанство која е ратификувана во нашата држава во 2002 година и е во согласност со Уставот и законите.

Согласно членот 1 став (2) од Законот за државјанството на Република Македонија „Државјанството е правна врска меѓу лицата и државата и не го означува етничкото потекло на лицата."

Согласно членот 2 став (1) од истиот Закон „Државјанин на Република Македонија може да има и државјанство на друга држава".

Ставот (2) од истиот член пропишува „Државјанин на Република Македонија кој има државјанство на друга држава, во Република Македонија се смета исклучиво за државјанин на Република Македонија, ако со меѓународен договор не е поинаку определено".
Членот 6 од Законот за ратификација на Европската Конвенција за државјанство („Службен весник на Република Македонија" бр.13/02) предвидува ситуации кога едно лице ќе може да се стекне со државјанство на одредена земја. Во нашето законодавство детално се опфатени и уредени ситуациите за стекнување со државјанство во нашата земја и тоа со потекло, раѓање на територијата на одредена земја, природување и со меѓународни договори.

Понатаму, Законот за ратификација на Европската Конвенција за државјанство предвидува во кои случаи едно лице може да се стекне со повеќе државјанства, а државата пристапничка тоа ќе го дозволи. Имено, тоа се случаите кога се работи за деца со различни државјанства што ги стекнале по раѓање и кога нејзините државјани поседуваат уште едно државјанство кога тоа државјанство се стекнува автоматски со стапување во брак.

Со членот 17 од Законот се уредуваат правата и должностите поврзани со повеќедржавјанството и тоа државјаните на државата потписничка кои поседуваат друго државјанство ќе имаат, на територијата на државата каде имаат постојан престој, исти права и должности како и останатите државјани на таа држава.

За извршување на меѓународните договори на Република Северна Македонија се грижи Владата на Република Северна Македонија и Претседателот на Републиката.

Праксата на земјите членки на Европската Унија во однос на двојните државјанства станува полиберална поради големата мобилност на граѓаните во самата Унија. Предложените измени и дополнувања на Законот за државјанството на Република Македонија каде што само државјанин на Република Северна Македонија може да биде избран за пратеник во Собранието се противуставни бидејќи Уставот и законот обврзуваат лицето да има македонско државјанство, но не забрануваат да имаат и друго државјанство при вршењето на конкретни позиции, а во случајот функцијата пратеник. Се смета дека ваквите измени ќе доведат до нарушување на начелото за забрана за дискриминација за лицата со две или повеќе државјанства од причина што лицето кое поседува македонско државјанство и се наоѓа на територијата на Република Северна Македонија се смета за државјанин на истата и за него важат истите права и обврски како и за сите државјани на Републиката.

Имено, слободите и правата на човекот и граѓанинот не можат да се ограничат по ниту еден основ освен во случаи изрично утврдени со Уставот.

Заради наведените причини, Владата на Република Северна Македонија му препорачува на Собранието на Република Северна Македонија, да не го донесе Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пратеници, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

## Точка 52

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за субвенциониран студентски оброк, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Владата дава позитивно мислење за Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за субвенциониран студентски оброк, по скратена постапка, поднесен од група пратеници со следните констатации и укажувања:

Согласно член 71 став (1) од Уставот на Република Северна Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10.000 избирачи.

Имајќи ја предвид оваа уставна одредба се цени дека предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за субвенциониран студентски оброк, по скратена постапка е поднесен од овластен предлагач.

Доставените предлог измени се со цел ефикасна имплементација на предметното законско решение, кои согласно текстот произлегуваат заради начинот на кој е поставен системот за плаќање и системот за фискализација во Република Северна Македонија. Имено предвидено е субвенционираниот студентски оброк односно средствата наменети за истото да се исплаќаат на трансакциска сметка на студентот кој се стекнал со правото да го користи субвенционираниот студентски оброк.

Исто така се бришат одредбите со кои беше предвиден износот на субвенцијата, како и начинот на кој може да се користи истата, односно преку дигитална картичка или мобилен телефон, исклучиво кај одредени даватели на услугата.

Истовремено се укажува дека предметниот закон не опфаќа одредби со кои конкретно ќе се образложи постапката и начинот на користење на субвенцијата.

## Точка 53

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2020 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 16 став 3 од Законот за Инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/2019), Инспекцискиот совет поднесува Годишен извештај за информирање до Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до крајот на првото тримесечје на тековната, за претходната година.

Доставениот извештај содржи вовед и четири поглавја: Инспекциски совет, Реализирани активности произлезени од законските надлежности на Инспекцискиот совет за 2020 година, Буџет и финансиско работење и Заклучоци.

Во првото поглавје се разработени статусот на Инспекцискиот совет надлежностите, организационата поставеност и човечки ресурси. Второто поглавје од Годишниот извештај го содржи делот на реализирани активности за 2020 година и тоа податоци за одржаните седници на Инспекцискиот совет, соработка со инспекциските служби за реализирање на бројни активности кон превенција и заштита на животот и здравјето на луѓето предизвикани од пандемијата на вирусот КОВИД-19, следење на спроведувањето на законските прописи за инспекциски надзор, комплетирање на постапката за донесување на сите релевантни подзаконски акти, како и давање мислења по закони и подзаконски акти, следење на работата на инспекциските служби, постапки по претставки на физички и правни лица, воспоставување на софтверски решенија за е-инспекции, издавање и одземање на лиценци на инспектори, налози за инспекциски надзор, стручно усовршување на инспекторите, соработка со други институции, организации, медиуми и меѓународна соработка. Во поглавјето за Буџет и финансиско работење содржан е одобрениот и реализиран буџет. Во завршниот дел на Годишниот извештај предвидено е поглавје Заклучоци за предвидени ризици во работењето и справување со истите.

Материјалот е од информативен карактер и Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по истиот.

<u>Точка 54</u>

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 131 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/2009, 124/2010, 168/2010 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/2019, 18/2020, 89/2020 и 279/2020), поднесено од градоначалникот на Општина Босилово и притоа го утврди следното мислење:

Со наведеното барање побарано е автентично толкување на член 131 од Законот за градење, при што од страна на подносителот на Иницијативата се поставени прашања дали овластениот градежен инспектор можел да ги преземе сите работи на веќе изграден објект во смисла на забрана, налог за рушење и слично како и дали во конкретниот случај има застареност на гонење односно постапување по предметите на овластениот градежен инспектор и кој е рокот за застареност на постапување и преземање на мерки.

Членот 131 од Законот за градење гласи:
„(1) Градежен инспектор, односно овластен градежен инспектор во рамките на надлежностите утврдени со овој и друг закон, има право да врши инспекциски надзор во текот на изградбата, како и инспекциски надзор на објект кога во него се врши пренамена на конструктивните елементи во поглед на нивната механичка

отпорност, стабилност и сеизмичка заштита, како и при пренамена од станбен во деловен простор и обратно.

(2) При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот од ставот (1) на овој член може да побара присуство на овластено службено лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на внатрешните работи, заради негова заштита.

(3) Учесниците во изградбата се должни на градежниот инспектор, односно на овластениот градежен инспектор да му овозможат непречено спроведување на инспекциски надзор и да му ја дадат на увид документацијата што се однесува на градбата што е предмет на надзор.

(4) Градежен инспектор при вршењето на инспекциски надзор проверува дали овластениот градежен инспектор ги врши работите согласно со овој закон. Надлежните органи на општините се должни на барање на градежен инспектор да му овозможат да изврши увид во документацијата.

(5) Доколку надлежниот градежен инспектор констатира дека настанале некои од условите за одземање на лиценца предвидени во членот 38 ставови (4) и (5) од овој закон како и за одземање на овластување предвидени во членот 39 ставови (4) и (5) од овој закон, е должен да поднесе предлог за одземање па лиценцата, односно овластувањето со записник за констатираната неправилност до органот надлежен за одземање на лиценца, односно овластување.

Имајќи го предвид контекстот во кој е поднесено Барањето за автентично толкување треба да се има во предвид членот 134 став (1) од Законот за градење кој гласи:
„(1) Градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор со решение ќе му нареди на инвеститорот отстранување па градба, односно на нејзин дел, ако:
- се гради или е изградена без одобрение за градење од членот 59 на овој закон,
-доколку изградбата не се усогласи со одредбите на овој закон по истекот на рокот за усогласување даден во Решението за прекинување на градбата од членот 133 на овој закон,
-се гради и покрај тоа што е донесено Решение за прекинување на изградбата од членот 133 на овој закон,
-се гради или е изградена спротивно на одобрението за градење или заверениот основен проект,
-во текот на изградбата се утврдат неправилности поради кои се нарушени основните барања на градбата во однос на механичката отпорност, стабилноста, сеизмичката заштита и квалитетот на вградени материјали и
-изградбата се изведува со одобрение за градење кое не е конечно во управната постапка.

Имајќи ги предвид одредбите од член 134 став (1) алинеја 1 и алинеја 4, каде е пропишано дека градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор со решение ќе му нареди на инвеститорот отстранување на градба доколку

градбата се гради или е изградена без одобрение за градење од членот 59 на овој закон, како и доколку се гради или е изградена спротивно на одобрението за градење или заверениот основен проект, произлегува дека јасно и недвосмислено е утврдено дека надлежниот градежен инспектор донесува решение за отстранување на изградени градби, доколку истите се изградени без одобрение за градење или спротивно на одобрението за градење или заверениот основен проект.

По однос на постапувањето од страна на овластениот градежен инспектор, треба да се има предвид член 132 став (4) од Законот за градење, согласно кој градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор постапката на инспекциски надзор ја покренува и ја води по службена должност, како и по иницијатива на кое било лице, согласно со одредбите на Законот за општата управна постапка.

Од овие причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека нема потреба од автентично толкување на предметната одредба од Законот за градење.

**<u>Точка 55</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Живко Димитриевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.44/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 218-а став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/2020) и притоа го утврди следното мислење:

Според наводите на подносителот на Иницијативата, законодавецот му овозможил на активниот воен и цивилен персонал кој ги исполнува условите за пензионирање од членот 218-а) став (1), односно со остварување на право на пензија со навршување на 40 години пензиски стаж и навршени 55 години возраст, да може со писмена изјава поднесена до Министерството за одбрана, да побара да му се продолжи договорот за вработување најмногу до пет години, но законодавецот не предвидел можност за персоналот да оствари право на пензија, со исполнување на само еден услов од двата кумулативно дадени услови во ставот (1) на член 218-а), односно да оствари право на пензија со навршување на 40 години пензиски стаж или со навршени 55 години возраст, без оглед на стажот.

Подносителот на Иницијативата наведува дека, ова дотолку повеќе што на персоналот кој остварува право на пензија по член 218-а) став (1) од Законот, односно по двата кумулативно дадени услови, му се дава уште едно право, а тоа е да може со писмена изјава до Министерството за одбрана да побара да му се продолжи договорот за вработување најмногу до пет години, со што овој персонал се става во привилегирана положба во однос на активниот воен и цивилен персонал, кој исполнува само еден од двата услови за пензионирање, односно кој има или навршени 40 години пензиски стаж, или навршени 55 години возраст.

Во членот 1 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија е пропишано дека, со овој закон се уредуваат статусот, правата, обврските,

должностите и одговорностите на персоналот на служба во Армијата на Република Северна Македонија, како и системот на плати и надоместоци на плати и други прашања во врска со службата во Армијата.

Во членот 218-а) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 14/20) ставови (1), (2), (3) и (4) е пропишано:
„(1)На активниот воен и цивилен персонал му престанува работниот однос по сила на закон со остварување на право на пензија, со навршување на 40 години пензиски стаж и навршени 55 години возраст.
(2)Активниот воен и цивилен персонал кој ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, може со писмена изјава до Министерството да побара да му се продолжи договорот за вработување најмногу до пет години по навршување на 40 години пензиски стаж, односно по наполнување на 55 години возраст.
(3)Писмената изјава од ставот (2) на овој член, активниот воен и цивилен персонал ја дава еднаш годишно, најдоцна до 31 август во тековната година, за продолжување на договорот за работа за наредната година.
(4)Министерството за одбрана во рок од три месеци од поднесувањето на изјавата, а врз основа на потреба на службата, одлучува дали ќе го продолжи договорот за работа“.

Напред наведените одредби се однесуваат на активниот воен и цивилен персонал кој го исполнува условот за остварување на право на пензија од член 218-а) став (1) од Законот, што во случајот не може да се смета дека со оваа одредба од Законот која се оспорува со предметната Иницијатива, се врши дискриминација на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата, односно дека одредена категорија на истиот се става во привилегирана положба, од причина што со оспорената одредба се прави исклучок токму заради активниот воен и цивилен персонал, кој не го исполнува условот од членот 218-а) став (1) за престанок на работниот однос со остварување на правото на пензија, со исполнет цел пензиски стаж од 40 години.

Со ваквото нормирање, законодавецот само прави дистинкција на остварување на правото на пензија, како и на можноста за продолжување на договорот за работа, од едноставна причина што не може еднакво да се категоризираат вработените - активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата кој има полн пензиски стаж, со активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата кој има помалку стаж од полниот пензиски стаж.

Врз основ на напред наведеното, се цени дека се неприфатливи наводите во Иницијативата, дека со оспорената одредба од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, како lex specijalis, постои дискриминација на активниот воен и цивилен персонал по овој основ.

Во овој контекст, напоменуваме дека за активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата, кој не ги исполнува условите за остварување на правото на

пензија од членот 218-а) став (1), односно кој нема наврешено 40 години пензиски стаж, а исполнува услови за остварување на право на старосна пензија со наврешени години на старост, се применуваат одредбите од Законот за работните односи, а кои се однесуваат на можноста за продолжување на работниот однос по исполнување на условите за престанок на работниот однос, со исполнување услов за пензија.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека членот 218-а) став (2) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 218-а) став (2) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија.

## Точка 56

Владата ги разгледа иницијативите поднесени од Тодор Грков и Мими Гркова, двајцата од Велес, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.22/2021, У.бр.23/2021 и У.бр.28/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Упатството за начинот на користење на социјалните мрежи од страна на работниците во Министерството за внатрешни работи, бр.12.1-72212/1 од 6.12.2012 година и притоа го утврди следново мислење:

Подносителите на сите три иницијативи, иницираат оценување на уставноста и законитоста на целиот акт, односно се предлага да се поништи предметното Упатство, од причини што подносителите ценат дека со истото се повредени членовите 8, 9, 16, 25, 51, 54, 68 и 96 од Уставот на Република Северна Македонија, членовите 3, 4, 16, 49, 55 став (1), 56 став (3) и 61 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19) и членовите 2 и 206 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/19 и 275/19).

Имено, предлагачите на иницијативите укажуваат дека како основ за донесување на оспореното Упатство е наведен член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа, без да се наведе основ од повисокиот материјален пропис кој го овластува министерот за внатрешни работи да го донесе овој пропис. Исто така, се укажува на тоа дека со оспореното Упатство се пропишува материја која не е во надлежност на Министерството за внатрешни работи, туку во надлежност на други министерства. Предлагачите укажуваат дека со Упатството се пропишува начинот на користење на социјалните мрежи од страна на работниците во Министерството за внатрешни работи, без да се наведат одделните одредби од материјалниот пропис (закон) со кои се пропишува користењето на социјалните мрежи. Воедно, во иницијативите се наведува дека со

Упатството како понизок акт, се предвидуваат обврски за вработените при користење на социјалните мрежи и тоа за време на работа, а кои не се предвидени во повисоките материјални прописи и оценето е дека целата содржина на оспореното Упатство е спротивна на содржината која со закон е пропишана за овој вид на пропис. Покрај наведеното, предлагачите на иницијативите сметаат дека дел од одредбите од Упатството се во спротивност со членови од Уставот на Република Северна Македонија, со оглед дека се пропишуваат обврски и елементи на забрана и ограничување за вработените. Имено, предлагачите укажуваат дека во член 8 од Уставот, како една од темелните вредности на уставниот поредок, утврдена е поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска и во корелација со оспореното Упатство ценат дека министерот за внатрешни работи донесува пропис од други надлежни министерства со кое пропишува обврски на категорија на граѓани, односно ценат дека министерот присвојува право на законодавна власт.

Согласно наведеното, предлагачите ценат дека речиси сите одредби од Упатството се во спротивност со Уставот и законите, сметајќи дека се скратува уставно загарантираното право за јавно изразување на мислата и укажуваат дека не може со упатство да им се пропишуваат обврски, забрани и ограничувања на вработените и тоа особено не вон работното време, за време на одмор, за време на боледување, бременост и слично. Исто така, од аспект на уставно загарантираните права сметаат дека на овој начин оваа категорија на граѓани се става во нееднаква положба во однос на останатите граѓани, со што им е повредено правото на еднаквост, како и слободата на уверување, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, посочувајќи дека согласно член 54 од Уставот утврдено е дека слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот. Покрај ова, предлагачите укажуваат дека обврските, должностите, забраните и ограничувањата согласно Уставот, треба да бидат одделни одредби на материјални закони, а не на упатство и за таа цел бараат укинување на Упатството, како и поништување на изречените дисциплинските мерки согласно ова Упатство.

Упатството за начинот на користење на социјалните мрежи од страна на работниците во Министерството за внатрешни работи, бр. 12.1-72212/1 од 6.12.2012 година, е интерен акт со кој се пропишува начинот на користење на социјалните мрежи од страна на работниците во Министерството за внатрешни работи (член 1) и кој се однесува на сите работниците во Министерството (овластените службеници, полициските службеници и работници согласно Законот за работни односи што е дефинирани во член 3 точка 3. од предметниот пропис).

Во членот 2 од Упатството, јасно е утврдено дека целта на ова упатство е запознавање на работниците на Министерството со правилата при користење на социјалните мрежи и тоа од аспект дека секое објавување на содржината на социјалните мрежи е како јавно публикување во медиумите и еднаш објавената содржина не се брише туку секогаш останува јавно достапна на интернет.

Членот 4 пак утврдува кои правила е потребно да ги почитува и применува работникот при користење на социјалните мрежи (во случај кога на сопствениот профил на социјалната мрежа се преставува дека е работник во Министерството, јасно да нагласи дека одредени информации, размислувања, ставови и слично се лично негови, а не на Министерството со акцент дека изнесените ставови и размислувања се исклучиво на работникот и не претставуваат службен став на Министерството за внатрешни работи; да ги почитува другите физички лица во комуникацијата; да не навредува никого на национална, верска, полова основа или сексуална ориентација; да не изнесува ставови со кои се врши дискриминација врз основа на пол, раса, боја на кожа, јазик, државјанство, верско убедување, социјално потекло, здравствена состојба и други основи предвидени со закон; да не објавува материјали со порнографска содржина; да не објавува материјали што прикажуваат незаконски активности; да не објавува фотографии или видеа во униформа, со оружје, маскиран, со полициски значки, службени возила или други обележја кои директно или индиректно имплицираат дека е работник во Министерството; да не објавува фотографии од службените простории (канцеларии и слично) на Министерството или фотографии од извршени оперативни задачи; да не ја објавува и користи службената маил адреса (xxx.xxxx@moi.gov.mk), за приватни цели; да не објавува информации со степен на класифицираност; да не објавува интерни прописи на Министерството и да не објавува лични податоци на други вработени во Министерството или други физички лица). Членот 5 пак од Упатството, предвидува дека работникот секогаш кога се претставува како вработен на Министерството, на социјалните мрежи не смее на сопствениот профил да го изнесува називот на работното место, звањето, називот на организациската единица на која и припаѓа, како и работните задачи кои ги извршува во Министерството. Во членот 6, уредено е дека работникот при користење на сопствениот профил на социјалните мрежи е должен да ги почитува авторските права и правата од индустриска сопственост и при користење на сопствениот профил на социјалните мрежи е должен да не објавува материјали (текст, фотографија или видео снимка) на начин со кој се крие нивниот автор или авторските права да си ги препишува на свое име. Членот 7 уредува дека е забрането работникот на сопствените профили на социјалните мрежи да се претставува како лице задолжено за односи со јавноста, и тоа за прашања кои се однесуваат на Министерството, освен ако не се работи за овластени работници кои согласно Упатството за остварување комуникација со јавноста се задолжени за комуникација со јавноста, како и тоа дека работникот на Министерството при користење на сопствените профили на социјалните мрежи е должен да се воздржува од коментари за идните планови на раководните кадри на Министерството, како и за извршените оперативни акции, полициски процедури и слично, односно се она што може да го доведе во прашање угледот на Министерството. Во членот 8 од Упатството, утврдено е дека работникот е должен при користење на сопствените профили на социјалните мрежи да се однесува со почит спрема сите работници кои повеќе не работат и работници кои се во работен однос во Министерството, како и кон граѓаните, полицијата и Министерството. Членот 9 предвидува дека работникот е должен при користење на сопствените профили на социјалните мрежи да се однесува со почит спрема сите работници кои повеќе не работат и работници кои се во работен однос во Министерството,

како и кон граѓаните, полицијата и Министерството. Во членот 10, утврдено е дека забрането е работникот да ги користи социјалните мрежи за приватни цели во текот на работното време, а врз основа на укажаната потреба, министерот за внатрешни работи може да одобри на работник користење на одреден тип на социјална мрежа во текот на работното време, врз основа на поднесено барање од страна на раководителот на организациската единица каде работи работникот. Членот 11 уредува дека за начинот на користење на социјалните мрежи се спроведуваат едукативни обуки, а во членот 12 утврдено е дека за непочитување на одредбите на ова упатство работникот одговара дисциплински.

Од изнесената содржина на оспореното Упатство, недвосмислено е дека со него се уредуваат конкретни правила при користење на социјалните мрежи од страна на вработените, во случаите кога тие се претставуваат како лица вработени во Министерството за внатрешни работи, особено имајќи ги предвид спецификите на статусот и посебните должности и овластувања на работниците во Министерството, при што не се нарушуваат уставно загарантираните слободи и права кои ги поседуваат како граѓани.

Во овој контекст, значајно е да се укаже дека дел од информациите за кои во Упатството е утврдена насока да не се споделуваат на социјалните мрежи од страна на работниците на министерството, се класифицирани информации со степен „строго доверливо", согласно закон, што е дополнителна причина за особена внимателност при користењето на социјалните мрежи, пред се во текот на работното време.

Имено, спецификата на статусот и посебните должности и овластувања на работниците во Министерството (овластени службени лица и полициски службеници), кои ги карактеризираат посебни услови пропишани во актот за систематизација на работните места уште во постапката за засновање на работен однос во Министерството за внатрешни работи, претставува сегмент што е присутен во сите аспекти на остварувањето на правата од работен однос, како во текот, така и вон работното време, кога тоа го налага конкретна ситуација. Наведеното има свои аргументи во целта и функцијата на полициското работење, односно обврските на овластените службени лица и полициските службеници за исполнување комплексни работни задачи кои вклучуваат остварување на системот на јавна безбедност, спречување на насилно уривање на демократските институции утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, спречување на разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост, спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела, граѓански работи и други работи утврдени со Законот за внатрешни работи и Законот за полиција.

Во овој контекст, согласно член 2 алинеја 4 од Законот за внатрешни работи, меѓу другото утврдено е дека под внатрешни работи се подразбира и спречување на разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост. Во контекст

на оспореното Упатство, а од аспект на тоа дека социјалните мрежи најчесто се користат како медиум преку кој се шири говорот на омраза по разни основи, навредливото и дискриминаторско изразување на работникот на министерството кон одредени категории на граѓани, би претставувало не само кршење на конкретни законски норми од други закони од националното законодавство, туку и злоупотреба на својот статус согласно закон, односно таквото однесување би било во колизија со неговиот законски утврден статус како работник на министерството. Оттука, нормирање на конкретни правила и насоки за недискриминирачко и пристојно однесување на работниците при користење на социјалните мрежи во рамки на интерен пропис не е во колизија со законски утврдените надлежности во извршување на внатрешните, односно полициските работи.

Од аспект на подзаконските прописи, а во корелација со статусот и начинот на однесување на работниците, член 2 алинеја 3 од Упатство за начинот на однесување и меѓусебните односи на полициските службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 65/07 и бр.133/16), уредува дека во извршувањето на полициските работи, полициските службеници во министерството го чуваат својот углед, како и угледот на Полицијата и на Министерството. Во Кодексот на полициска етика („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/07) пак, во членот 62 утврдено е дека во насока на развивање на односите меѓу Полицијата и јавноста, потребно е промовирање на механизми на одговорност, засновани врз комуникација и заемно разбирање меѓу полициските службеници и јавноста. Во наведениот член, утврдено е и дека полициските службеници се одговорни за своите постапки пред граѓаните на Република Северна Македонија. Од аспект на интерните прописи на Министерството за внатрешни работи во однос на предметното прашање, во Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи, бр. 13.1.1 - 91128/1 од 19.11.2020 година, во членот 26 уредено е дека работниците кога не се на службена должност се однесуваат примерно и достоинствено, избегнувајќи активности и однесувања со кои може да се намали довербата и да се наруши угледот и интегритетот на Министерството. Воедно, утврдено е дека работниците на Министерството избегнуваат дејствија и активности кои се во конфликт со законските или етичките норми и кои би можеле да бидат причина за нивна лична уцена, омаловажување и губење на личниот углед, достоинство и интегритет. Наведениот член уредува и дека однесувањето на работниците на Министерството е предмет на оценка на јавноста што налага истите да се однесуваат на начин што ќе претставува пример за граѓаните.

Имајќи ги предвид одредбите од наведените прописи кои се однесуваат на овластувањата на работниците во Министерството за внатрешни работи, односно статусот кој го имаат согласно закон а кој не се однесува само на извршување на конкретни задачи во периодот на работното време туку и вон него, од голема важност е максимална професионалност од нивна страна, во која меѓу другото се подразбира и начинот на постапување и однесување на социјалните мрежи, со оглед дека преку тие свои постапки директно или индиректно можат да влијаат

врз угледот и интегритетот на Министерството за внатрешни работи, како орган кој е столб во системот на јавната безбедност на државата.

Од аспект на одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, за кои предлагачите на иницијативата укажуваат дека се повредени со конкретни одреди од Упатството, односно член 8 алинејата 4 од Уставот, со која е утврдено дека една од темелните вредности на уставниот поредок на државата се поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска, Владата цени дека во конкретниот случај на донесување на овој интерен пропис, не е повредено уставното право на поделба на државната власт, односно министерот за внатрешни работи не може да презема улога на законодавна власт на која укажуваат предлагачите. Имено, со член 49 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа уредено е дека Министерот го претставува министерството, организира и обезбедува законито и ефикасно вршење на работите и задачите; донесува прописи и други акти за кои е овластен и презема други мерки од надлежност на министерството во согласност со закон; одлучува за правата, должностите и одговорностите на државните службеници и други лица вработени во министерството кои немаат статус на државни службеници, доколку со закон поинаку не е определено. Од наведените одредби, недвосмислено е дека министерот кој раководи со конкретно министерство, донесува повеќе видови на правни акти, покрај конкретно наведените (правилници, наредби, упатства, планови, програми, и решенија) и други видови правни акти, во насока на законито и ефикасно вршење на работите и задачите и одлучува за правата, должностите и.-одговорностите на работниците во министерството кои немаат статус на државни службеници, доколку со закон поинаку не е определено.

Оттука, Владата цени дека предметното Упатство како интерен акт донесен од министерот за внатрешни работи е во рамки на извршување на наведените овластувања.

Во однос на член 16 став 1 од Уставот, со кој е уредено дека се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, за кој предлагачите на иницијативата укажуваат дека се крши со одредби од Упатството, Владата цени ваквото тврдење е неиздржано со оглед на тоа дека на работниците во министерството со одредбите од Упатството не им се ограничуваат уверувањата, мислата и јавното изразување, односно интенцијата на одредбите е во насока на спречување на говорот на омраза, сајбер насилството и дискриминација по разни основи при користење на социјалните мрежи, чување на угледот и интегритетот на статусот на работниците и оној на министерството, но не и ограничување на изразувањето на мислата и уверувањата по одредени социјални и општествени прашања. Имено, согласно Уставот секој има право на слобода на изразување и слобода на информирање, но тоа право не е апсолутно. Со секое право, следи и обврска за одговорност и јазикот на кој се говори во јавноста е една од најважните алатки кои имаат стратешко значење во справувањето со говорот на омраза и дискриминацијата, покрај законската регулатива.

Од аспект на националното законодавство во однос на предметното прашање, Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18), истото го уредува во членот 394-г, во кој е утврдено дека тој што преку компјутерски систем во јавноста шири расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија која помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со затвор од една до пет години. Наведениот член предвидува дека со истата казна ќе се казни и тој што делото ќе го стори преку други средства за јавно информирање.- Исто така, а особено од аспект на предметот на уредување на оспореното Упатство и статусот на работниците во министерството, во наведениот член од Кривичниот законик утврдено е дека тој што ова дело го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Согласно изнесените аргументи, укажуваме дека концептот на оспорениот интерен акт е попрецизно запознавање на работниците на Министерството со начинот на постапување и правилата на однесување при користење на социјалните мрежи, на начин што истото како интерен акт сублимира своевидни правила и процедури за однесување/изразување, при што одредбите од Упатството не се во спротивност или колизија со одредбите од другите прописи. Во контекст на наведеното, укажуваме дека оспорениот интерен пропис нормира прашања што претставуваат кодекс на однесување на работниците во министерството, кои не ја засегаат пошироката јавност или други органи и субјекти и за кои министерот е надлежен самостојно да одлучува, поради што овој пропис е од интерен карактер.

Со донесувањето на предметното Упатство, значително се намали бројот на злоупотребување на социјалните мрежи од страна на работниците, односно истото придонесе за подобро запознавање на работниците со правилата и принципите врз основа на кои треба да се однесуваат при користење на своите профили на социјалните мрежи, особено користењето на истите од службените персонални компјутери за време на работното време, што претставуваше сериозен безбедносен ризик за информатичките системи во надлежност на Министерството за внатрешни работи.

Во контекст на содржината на оспореното упатство, значајно е да се укаже дека во моментот во светски рамки е особено актуелно прашањето на изнаоѓање на ефикасно решение во борбата против сајбер насилството и говорот на омраза за чие ширење се користат социјалните мрежи, а кои предизвикуваат сериозни

последици врз населението, особено кон адолесцентите и децата во развој. Овој тренд на борба против предметниот проблем, започна да го следи и Република Северна Македонија и во рамки на тие активности е изработка на соодветна правна рамка за уредување на областа. Во тој контекст, оспорувањето и укинувањето на овој тип на прописи, чија интенција е сузбивање на дискриминирачкото и навредливо однесување при користење на социјалните мрежи би претставувало чекор назад во процесот на следење на светските трендови во изнаоѓање на најцелисходно решение на овој проблем, на глобално ниво.

Со оглед на наведеното, наводите на подносителите на предметните иницијативи кои се однесуваат на неуставноста и незаконитоста на Упатството за начинот на користење на социјалните мрежи од страна на работниците во Министерството за внатрешни работи, се неосновани.

Содржината на оспореното Упатство по својата природа е од интерен карактер и истото се однесува на прашања за кои министерот има надлежност да одлучува во рамки на организирање и обезбедување законито и ефикасно вршење на работите и задачите и одлучување за правата, должностите и одговорностите на работниците во министерството. Во истиот контекст, значајно е да се укаже дека предметниот интерен акт уредува конкретни правила при користење на социјалните мрежи од страна на вработените, од аспект на давање насоки како треба да постапуваат кога се претставуваат како лица вработени во Министерството за внатрешни работи, особено имајќи ги предвид спецификите на статусот и посебните должности и овластувања на работниците во Министерството, при што не се нарушуваат уставно загарантираните слободи и права на работниците, кои ги поседуваат како граѓани. На овој начин, со предметниот акт се врши само Кодификација на правилата, насоките и обврските за работниците во Министерството за внатрешни работи, што произлегуваат, односно се пропишани во поголем број законски и подзаконски прописи.

Имајќи ги предвид изнесените аргументи, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Упатството за начинот на користење на социјалните мрежи од страна на работниците во Министерството за внатрешни работи, односно предметните иницијативи да ги отфрли како неосновани.

**<u>Точка 57</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Снежана Цветаноска од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.15/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 235 став 1 и став 2 и член 250 ставови 1 и 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и притоа го утврди следното мислење:

Во член 2 став (1) точка 143 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата утврдено е дека: „Лиценца“ е исправа со која се дава овластување од надлежен

државен орган со која се докажува дека се исполнети одредени пропишани услови за стручна оспособеност и овластување за извршување на одредени работи.

Во членот 254 став (1) од истиот Закон пропишано е дека: „Кандидатите за вршење работи на предавач и возач инструктор во автошколата, контролор, испитувач по наставна програма од сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и испитувач по наставна програма од управување со возило (практичен дел) во испитен центар, треба да положат стручен испит за оспособеност за работа.

Во членот 255 став (3) пропишано е дека: „Базите на прашања за стручниот испит ги изготвуваат двајца универзитетски професори од областа на патниот сообраќај и претставници од Министерството за внатрешни работи со најмалку десет години работно искуство од областа на патниот сообраќај“, додека во ставот (4) и ставот (6) од истиот член е пропишано дека базите на прашања ги верификува Комисија за полагање на стручниот испит, која воедно врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања најмалку еднаш годишно. При ревизијата Комисијата ги има во предвид измените на прописите на кои се засновани прашањата, бројот на кандидати кои ги одговориле, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои може да влијаат врз подобрувањето на квалитетот на базата прашања за стручниот испит.

Согласно горенаведените законски одредби, јасно може да се заклучи дека полагањето на стручниот испит за оспособеност за работа, врз основа на што се издава лиценца за предавач и возач инструктор во автошколата, контролор, испитувач по наставна програма од сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и испитувач по наставна програма од управување со возило (практичен дел) во испитен центар, претходно претпоставува континуиран процес на обновување на знаењето преку постојано усовршување и следење на најновите прописи од областа на безбедноста на сообраќајот, како и периодично проверување (во предметниот случај на 3 години) на стручната оспособеност за извршување на претходно наведените работи, поради што и важноста на лиценцата, која се издава од страна на органот на државната управа, а со која се докажува дека се исполнети пропишаните услови за стручна оспособеност за извршување на работите изнесува пет години.

Ограничување на важноста на лиценцата за одреден временски период е утврдено и во други закони во кои е утврдена постапка за полагање на стручен испит и издавање на лиценца за стручна оспособеност за извршување на одредени работи, како што е на пример во Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), каде во членот 66 од наведениот Закон е утврдена постапката за полагање на стручен испит и издавање на лиценца за работа на стручните лица кои извршуваат работи на стручен раководител и стручен работник за технички преглед на возила, како и за стручните лица кои извршуваат работи на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата. Рокот на важноста на лиценцата за работа на погоренаведените стручни работници изнесува четири години.

Следствено на наведеното, се укажува дека одредбите од членот 235 ставови (1) и (2) и членот 250 ставови (1) и (2) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, не се во спротивност со член 8 став (1) алинеи 1, 3, 6, 7 и член 11, член 30, член 32, член 50 ставови (1) и (2), член 51, член 52 став (4), член 54 став (1), член 55 ставови (1) и (2), член 58 и член 110 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија смета дека Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членови 235 ставови (1) и (2) и 250 ставови (1) и (2), поднесена од Снежана Цветаноска од Битола, е неоснована и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на наведените законски одредби, со оглед на фактот што истите се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

<u>Точка 58</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Македонското здружение за заштита при работа од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.58/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 3 став 1 дел 4 - инфективни и паразитни заболувања, во точката 408 од Правилникот за листата на професионалните болести, донесен од министерот за труд и социјална политика („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/2020) и притоа го утврди следново мислење:

Поднесената Инцијатива на Македонското здружение за заштита при работа од Скопје е во врска со точка 408 од Правилникот за листата на професионални болести („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 118/20), која гласи:

„408 ИНФЕКТИБНИ ЗАБОЛУВАЊА ПРЕДИЗВИКАНИ ОД КОРОНАВИРУС COVID-19 ПРИ ПРЕВЕНЦИЈА, ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, ДОМАШНА ПОСЕТА И ДРУГИ СЛИЧНИ АКТИВНОСТИ ЗА КОИ Е ДОКАЖАН РИЗИКОТ ОД ИНФЕКЦИЈАТА.“

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде е можен контакт и изложеност со причинителот на болеста - позитивна работна анамнеза.
КРИТЕРИУМИ

Со или без клиничка слика на инфективното заболување (акутен, субакутен или хроничен стадиум), или состојба после прележана болест, дијагноза потврдена од специјалист за инфективни болести, дополнително потврдена со позитивен микробиолошки ПЦР тест за детекција на коронавирусот COVID-19 од лабораторија која има дозвола, од соодветен надлежен орган, за изведување на ова тестирање."

Оспорената одредба од Правилникот се однесува на заразни болести од кои заболуваат работници при вршење на своите работи и работни задачи, како што се: лекарите и другиот медицински персонал, ветеринарскиот персонал и другиот помошен персонал вработен во болници, лекувалишта, амбуланти и во други здравствени организации во врска со негата на луѓето или во врска со работа на секцирање на трупови или со заразни материјали; работи што ги врши персоналот на научно-медицински лаборатории при работа со заразни материјали и персоналот при работа за сузбивање и научно-истражување на заразни болести.

Според наводите во Иницијативата, вака формулираната точка е дискриминирачка во однос на останатите професии и се однесува само на здравствениот сектор, а на останатите професии не им е овозможено да си ги остваруваат своите уставно загарантирани права и затоа се бара нејзино поништување. Според подносителот на Инцијативата, ризикот за можен контакт и изложеност на причинителот на болеста -вирусот САРС КоВ-2 постои и може да се појави, не само кај вработените во здравствениот сектор, опфатени со точка 408 од Правилникот за листата на професионалните болести, туку и кај работници кои работат и на други работни места (полицајци, војници, службеници во шалтери, работници во малопродажба, итн.), поради што заразите предизвикани со Коронавирусот треба да се признаваат како професионални болести за сите работници.

Во Иницијативата се наведува дека членот 2 од Законот за здравственото осигурување го гарантира правото на здравствена заштита и дека задолжителното здравствено осигурување се установува за сите граѓани на Република Северна Македонија заради обезбедување на здравствени услуги врз начелата на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата под услови утврдени со законот. Оттука, според подносителот на Иницијативата, оспорената одредба од Правилникот не е во согласност со членот 2 од Законот за здравственото осигурување бидејќи правото на надоместок на плата во случај на привремена спреченост од работа, односно боледување се остварува во висина од 70% од плата, додека за лицата заболени од зараза од Ковид 19 се остварува во висина од 100% од плата. Исто така, со оспорената одредба од Правилникот се повредува начелото на недискриминација предвидено во член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и член 112 став 3 од Законот за работните односи, со кој се гарантира материјално обезбедување на работникот во случај на негова спреченост од работа.

Владата ги разгледа наводите во Иницијативата за оцена на уставноста и законитоста на член 3 точка 4 потточка 408 од Правилникот за листата на професионалните болести („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 118/20) и смета дека истите се неосновани.

Професионалните болести се дефинирани во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 53/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18, 245/18 и

„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20 и 267/20), како болести причинети со подолго непосредно влијание на процесот и условите на трудот врз работната способност на осигуреникот. Професионалните болести се утврдени во Правилникот за листа на професионални болести („Службен весник на Република Северна Македоинија" бр. 118/20), кој го донесува министерот за труд и социјална политика. Во Правилникот таксативно се наведени професионалните болести, со пропишана анамнеза, услови и критериуми за секоја од болестите и истиот е во согласност со Европската листа на професионални болести.

Воведувањето на Коронавирус КОВИД-19 како професионална болест во Правилникот настана како консеквенција на прогласувањето на светската пандемија од КОВИД-19, при што дополнувањето на Правилникот беше иницирано од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Министерството за здравство. Нивната иницијатива е презентирана на Четириесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 2 мај 2020 година и истата е прифатена со задолжување на Министерството за труд и социјална политика да подготви соодветно дополнување на Правилникот со предвидување на КОВИД-19 како професионална болест. Врз основа на оваа иницијатива за дополнување на Правилникот за листата на професионалните болести („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 118/20), кој влезе во сила на 7 мај 2020 година, се воведе точката 408 „Инфективни заболувања предизвикани при превенција на заболувања, здравствена заштита, домашна посета и други компаративни активности за кои е докажан ризикот од инфекција". Имено, како што е наведено погоре, според дефиницијата пропишана во Законот за пензиското и инвалидското осигурување, професионални болести се болести причинети со подолго непосредно влијание на процесот и условите на трудот врз работната способност на осигуреникот. Лекарите и другиот медицински персонал, ветеринарскиот персонал и другиот помошен персонал вработен во болници, лекувалишта, амбуланти и во други здравствени организации во врска со негата на луѓето или во врска со работа на секцирање на трупови или со заразни материјали; работи што ги врши персоналот на научно-медицински лаборатории при работа со заразни материјали и персоналот при работа за сузбивање и научно-истражување на заразни болести, се категории на лица кои со вршење на својата секојдневна работна задача неспорно се директно изложени на влијание со вирусот на КОВИД-19 и од тој аспект се таксативно наведени во оспорената одредба.

При утврдување на постоење на професионална болест за да се признае КОВИД-19 за професионална болест, неопходно е да се докаже контактот, временската и просторната поврзаност и причинско-последичната врска. Следствено на ова, работните места на работниците од други занимања кои се посочени во Иницијативата, не соодветствуваат со конкретни работни места каде постои можен контакт и изложеност на вирусот Covid-19. Треба се напомене дека за дел од наведените работни места е исклучително тешко да се утврди и да се докаже конкретниот контакт и изложеноста со болно лице од Covid-19, како и временската

и просторната поврзаност и каузалната врска. Причинско-последичната врска, дали заболувањето на болеста е настанато од работниот однос, ја утврдува ЈЗУ Институтот за медицина на труд.

Во врска со наводите на подносителот на Иницијативата, Владата цени дека не се работи за загрозување на со Устав загарантираното право на здравствена заштита и заштита при работа. Во конкретниот случај, Законот за здравственото осигурување го обезбедува со Устав загарантираното право на здравствена заштита, каде со членот 2 е уредено дека задолжително здравствено осигурување се установува за сите граѓани на Република Северна Македонија заради обезбедување на здравствени услуги врз начелата на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата под услови утврдени со законот. Врз основа на овие начела, во членот 9 од овој закон е утврден основен пакет на здравствени услуги. Со таканаречениот основен пакет на здравствени услуги се обезбедува за сите осигурени лица здравствена заштита на сите нивоа, и тоа: на примарно ниво, на ниво на специјалистичко консултативна здравствена заштита и на ниво на болничка здравствена заштита. Додека пак, оспорената одредба од Правилникот ги регулира само болестите кои се директно поврзани со карактеристиките на работниот процес и условите на работното место и поради тоа не станува збор за дискриминација. Оттука, произлегува дека иницијативата од Македонското здружение за заштита при работа од Скопје да се прошири ова право на сите вработени, не е предмет на регулирање на овој правилник. Имено, прашањето на висината на исплатата на надоместокот по основ на професионално заболување е регулирана и треба да биде регулирана со друг закон, односно Законот за здравствено осигурување.

Имајќи го во предвид изложеното, Владата на Република Северна Македонија цени дека со член 3 точка 4 потточка 408 од Правилникот за листата на професионалните болести („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 118/20), не се нарушуваат темелните вредности утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, односно оваа одредба е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на горенаведената одредба од Правилникот.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Александар Гуњовски од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 5442 за КО Штип-5 на КП бр. 8276, во место викано Пребег и по Понудата го усвои новото Известување од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 622 за КО Кисела Вода 1, на КП бр. 3316/1, со дополнување и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Менче Златковска од Кочани за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.20219 за КО Кочани на КП бр. 13262 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Акционерското друштво за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 62**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Моника Муча од Скопје, доставено под И.бр.110/19, за Налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.12401, КП бр.1322/3 за КО Сопиште - Вон Градежен и по Известувањето го усвои негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 63**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Моника Муча од Скопје, за Налог за извршување, под И.бр.472/2020, за КО Ѓорче Петров 2, Мирче Ацев Имотен лист бр. 94318, КП бр. 4997/1 и по истото го усвои новото Известување на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 64**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Магдалена Симовска Давидовиќ од Скопје, доставен под И.бр.491/18, за Налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.144, КП бр.46/2 и КП бр.47/2 за КО Суви Дол и по Известувањето го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 65**

Владата го одложи од разгледување Известувањето од извршител Јадранка Јовановска од Куманово за Заклучок за усна јавна продажба која ќе се одржи на 5 мај 2021 година, доставено под И.бр.929/20 од 13 април 2021 година за наредната седница на Владата поради потребата АД за изградба и стопанисување со станбен

простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје да достави мислење по истото.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 66**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 67**

**1.** Владата го одложи Барањето за изменување на Заклучок од 64-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 април 2021 година, доставено од Министерството за правда, под бр.21-68/18 од 26 април 2021 година, за наредната седница на Владата.

**2.** Владата по Известувањето по задолжувањата од заклучоците на Владата на Република Северна Македонија по однос на Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите заклучи Заклучокот бр.4 по Точка 20 (Информација за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија), донесен на Четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 февруари 2021 година кој гласи:
„4. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика на месечна основа да ја информираат Владата за реализацијата на Акцискиот план, преземените активности и причините за отстапување од наведената временска динамика.
да се измени и да гласи:
„4. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика на месечна основа да ја информираат Владата за реализацијата на Акцискиот план, преземените активности и причините за отстапување од наведената временска динамика.

**3.** Владата ја разгледа Информацијата за одржан состанок со Комора на угостители при Сојуз на Стопански комори, како материјал за информирање.

По овој повод, Владата заклучи, Комората на Угостители при Сојуз на Стопански комори и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да достават барање со предлози за разгледување до Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

4. Владата во врска со Предлог-заклучокот за продажба на недвижен имот, објект сопственост на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје, заклучи:

-Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје да одржи состанок со претставници од Министерството за финансии, Управата за имотно-правни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Секретаријатот за законодавство, во врска со разгледување на можните решенија за продажба на недвижниот имот, објект сопственост на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје на познат купувач (Владата на Република Северна Македонија) и во рок од седум дена за истото да ја информира Владата.

5. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението за периодот од 22 април 2021 до 28 април 2021 година и согласно член 31, став 2, од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

6. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 24 април 2021 година до 30 април 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

7. Владата по повод одбележувањето на државниот празник 24 Мај, Денот на сесловенските просветители „Св. Кирил и Методиј", ги донесе следните заклучоци:

1) Владина делегација предводена од: Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија и во состав:

-д-р Ирена Стефоска, министер за култура

-и д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, да положи свежо цвеќе на платото пред Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на споменикот на „Св. Кирил и Методиј", со почеток во 9:00 часот.

2) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за одбележувањето на државниот празник, преку одделението за протокол, да обезбеди свежи цвеќиња кои ќе бидат доставени до локацијата и протоколарно лице кое ќе ја проследи делегацијата на локацијата.

3) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за одбележувањето на државниот празник, преку Секторот за односи со јавност да организира тим од официјални фото и видео и да подготви медиумски пакет за јавноста.

4) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, за одбележувањето на државниот празник, да обезбеди свежи цвеќиња за делегациите, како и други неопходни ресурси за одбележување на празникот, согласно спецификацијата на организацискиот одбор.

5) Се задолжува Министерството за одбрана/Армијата на Република Северна Македонија, за одбележувањето на државниот празник, да обезбеди опрема за положување на цвеќе и гардисти, како и фанфарист, согласно спецификацијата на организацискиот одбор.

6) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, за одбележувањето на државниот празник, да ја обезбеди делегацијата и да преземе мерки за соодветно одбележување на настанот.

**8.** Владата по повод 9 Мај - Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа заклучи:

1) Делегација на Владата на Република Северна Македонија, во состав м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, м-р Радмила Шекеринска – Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и Мила Царовска, министер за образование и наука, да положи свежо цвеќе (венец) на Партизанските гробишта – Бутел, со почеток во 9:00 часот.

2) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за одбележувањето на настанот, преку Одделението за протокол, да обезбеди свежи цвеќиња (венци) кои ќе бидат доставени до локацијата и протоколарно лице кое ќе ја проследи Делегацијата на локацијата.

3) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за одбележувањето на настанот, преку Секторот за односи со јавност, да организира тим од официјални фото и видео репортери и да подготви медиумски пакет за јавноста.

4) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, за одбележувањето на настанот, да обезбеди свежи цвеќиња (венци) за делегациите.

5) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, за одбележувањето на настанот, да ја обезбеди Делегацијата и да преземе мерки за соодветно одбележување на настанот.

6) Се укажува на Градски гробишта Бутел АД Скопје, за одбележувањето на настанот, да го расчистат пределот околу Партизанските гробишта и истиот да го подготват за положување на свежо цвеќе (венец).

7) Се задолжува Министерството за одбрана/Армијата на Република Северна Македонија, да обезбеди опрема за положување на цвеќе и гардисти, како и фанфарист, согласно спецификацијата на Организациониот одбор.

**Точка 68**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за реализација на средства од програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за кредитните барања кои ги исполнуваат условите (Список 11) за кредитирање по Јавниот повик бр. 1 за кредити од кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија), како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата го разгледа Извештајот за податоците објавени на Националниот НИПП геопортал од страна на субјектите во НИПП, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа Годишниот извештај за тековниот статус на активностите на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи и тековен статус на процесот на акредитација на здравствените установи во Република Северна Македонија за 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии, во насока сите идни активности да се реализираат во рамки на одобрениот буџет на Агенцијата за оваа намена.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за дополнителни средства во делот на мерката за поттикнување на вложувања во филмски, односно телевизиски проект - право на поврат и одобрување на право на поврат за пост - продукциски услуги планирани да се реализираат во Република Северна Македонија во 2021 година, како материјал за информирање, со следното укажување:

-Агенцијата за филм на Република Северна Македонија во рок од осум дена да формира работна група со претставници од Министерството за култура, Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија со цел изнаоѓање на соодветен предлог за унапредување на мерката за поттикнување на вложувања во филмски, односно телевизиски проекти, како и соодветен Предлог на закон за изменување на Законот за филмска дејност, кој Министерството за култура во рок од 30 дена да го достави до Владата.

**Точка 73**

Владата го разгледа новиот текст на Годишниот извештај на Националната комисија за мало и лесно оружје за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за правда за децата во постапувањето на овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи во периодот од 1 јули до 31 декември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за здравствената состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот за македонски јазик (јануари – декември 2020 година), како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија за 2017 година, како материјал за информирање.

## Точка 78

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на координативно тело за поддршка на фудбалската репрезентација на Европското првенство во фудбал 2020 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Секретаријатот за законодавство да подготви соодветен акт/одлука за формирање на координативно тело за поддршка на фудбалската репрезентација на Европското првенство во фудбал 2020, која да се смета за донесена на оваа седница.

2. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во рок од три дена да номинира два претставника од редот на советниците на претседателот на Владата во координативното тело.

3. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи и Службата за општи и заеднички работи на Владата, во рок од три дена до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да номинираат по член и заменик на членот во координативното тело.

4. Се препорачува на Олимпискиот комитет, Фудбалската федерација на Македонија, АД Медиумската информативна агенција и Јавното радиодифузно претпријатие Национална Радиотелевизија – Скопје, во рок од три дена до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да номинираат член и заменик на членот во координативното тело.

Истовремено Владата заклучи претседател на координативното тело да биде директорот на Агенцијата за млади и спорт, а заменик на претседателот на координативното тело да биде заменикот на директорот на Агенцијата за млади и спорт.

По добивање на номинациите од претходно номинираните институции, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да подготви и да достави предлог – решение за назначување на претседател, заменик на претседател и членови на Координативното тело.

**Точка 79**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за градежно земјиште, по скратена постапка и го утврди со заклучок текстот на истиот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

- Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за градежно земјиште, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници, м-р Митко Трајчулевски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата за текстот на Меморандумот за разбирање за техничка соработка со Република Чешка, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Чешка и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија за техничка соработка.

2. Се овластуваат министерот за одбрана и министерот за внатрешни работи да го потпишат Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Чешка и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија за техничка соработка.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот во активностите за воспоставување кохерентна институционална структура на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства, да ги потврдат извештаите со предлог препораки за реорганизација и да го информираат Министерството за информатичко општество и администрација до крајот на мај 2021 година.

2. Се задолжуваат органите на државната управа, при подготвувањето на законски решенија, со истите да не се предвидува формирање на нови органи на државна управа.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 21:25 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| Мухамед Зеќири | Artan Grubi |